Уп. бр. 08-91

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СТРАБАГ АГ, со регистрирано седиште на адреса Ортенбургерштрасе 27, А-9800 Шпитал ан дер Драу, Австрија и АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В., со регистрирано седиште на адреса Заудплејн 166, 1077 XV Амстердам, Холандија, преку Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која СТРАБАГ АГ, со регистрирано седиште на адреса Ортенбургерштрасе 27, А-9800 Шпитал ан дер Драу, Австрија и АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В., со регистрирано седиште на адреса Заудплејн 166, 1077 XV Амстердам, Холандија ќе стекнат заедничка контрола над МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткерeен Микеде Решвењтаршашаг, со регистрирано седиште на ул. Будафоки 91-93. зграда Ц. 5 кат. 1117 Будимпешта, Унгарија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000 ден. и за решението во износ од 30.000 ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од СТРАБАГ АГ, со регистрирано седиште на адреса Ортенбургерштрасе 27, А-9800 Шпитал ан дер Драу, Австрија и АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В., со регистрирано седиште на адреса Заудплејн 166, 1077 XV Амстердам, Холандија, со која СТРАБАГ АГ и АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В. ќе стекнат заедничка контрола над МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен

Микеде Решвењтаршашаг, со регистрирано седиште на ул. Будафоки 91-93. зграда Ц. 5 кат. 1117 Будимпешта, Унгарија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Страбаг АГ е дел од Страбаг групацијата, која е активна во градежната индустрија и има седиште во Австрија. Страбаг АГ поседува 50% од акциите во МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг и има (негативна) поединечна контрола над МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг. Главните активности на Страбаг Групацијата се: (i) градежништво и нискоградба (изградба на патишта, железници и тунели), (ii) високоградба и развој на недвижности, (iii) специјализирани инженерски и инфраструктурни проекти и (iv) еколошки и индустриски услуги. Страбаг Групацијата е активна во Република Северна Македонија преку различни инфраструктурни и градежни проекти.

Страбаг Групацијата ги има следните регистрирани подружници во Република Северна Македонија:

(i) СТРАБАГ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ПОЛСКА - ПОДРУЖНИЦА СТРАБАГ Скопје, со регистрирано седиште на адреса бул. „8-ми Септември“ бр. 16, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност 42.120 – Изградба на железници и подземни железници;
(ii) СТРАБАГ Д.О.О. БЕЛГРАД - Подружница СТРАБАГ Скопје Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса бул. „8-ми Септември“ бр. 16, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност 42.11 – Изградба на патишта и автопати;
(iii) СТРАБАГ АГ Подружница СТРАБАГ Скопје, со регистрирано седиште на адреса бул. „8-ми Септември“ бр. 16, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност 42.110 – Изградба на патишта и автопати;
(iv) Друштво за услуги СТРАБАГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса бул. „8-ми Септември“ бр. 16, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со главна приоритетна дејност 41.000 – Изградба на станбени и нестамбени згради; и
(v) ЦМЛ Цонструцтион Сервицес д.о.о Белград - Нови Белград - Подружница Скопје, со регистрирано седиште на адреса бул. „8-ми Септември“ бр. 16, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, со главна приоритетна дејност 70.200 – Дејности на советување во врска со работењето и останато управување.

АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В. е дел од пошироката Абердин групација, меѓународна групација за финансиски услуги и управување со средства со седиште во Обединетото Кралство. Главните активности на Абердин Групацијата вклучуваат: (i) управување со средства и инвестициски решенија, (ii) управување со богатство и производи за штедење за индивидуални и институционални клиенти и (iii) развој и управување со дигитални инвестициски платформи и советодавни услуги. Дополнително, Абердин Групацијата е ангажирана и во: (i) решенија за пензиско и

пензиско-осигурително обезбедување, (ii) мулти-асетни и алтернативни инвестициски стратегии и (iii) обезбедување услуги за финансиско планирање и посредување. Абердин Групацијата поседува 20% од акциите во МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг. Абердин Групацијата нема деловни активности ниту подружници во Република Северна Македонија.

МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг управува со делница од автопатот М6 во Унгарија врз основа на договор за концесија кој е во сила до 2037 година. МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг нема деловни активности ниту подружници во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**